РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-1083/1
16.11. 2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

# Р Е Ш Е Н И Е

**за поведување на постапка за избор на изработувач на Стручна ревизија на Измена и дополнување урбанистички план за село Јосифово за Блок 4**

1.Со оваа Решение **СЕ ПОВЕДУВА** постапка за избор на изработувач на Стручна ревизја на Измена и дополнување урбанистички план за село Јосифово за Блок 4, каде што се формирани градежни парцели со класа на намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, со вкупна површина на плански опфат:3,36ха.

2.Средствата во износ од 453 € , во денарска против вредност по среден курс на народна банка за реализација на предметната постапка се обезбедуваат од Буџетот на Општина Валандово.

3.Изборот на изработувач на урбанистичкиот проект ќе се изврши врз основа најавен повик, согласно со одредбите од Законот за урбанистичко планирање, кој ќе биде објавен преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Валандово.

4.Јавниот повик за Измена и дополнување урбанистички план за село Јосифово за Блок 4 ќе го спроведе комисија во состав:

Горан Дончев –д.и.а, претседател, овл. Бр 0.0453

Ѓоко Аврамски – м.и.а, член

Стефан Димитров - член

5.Критериум за избор на најповолна понуда ќе биде економски најповолна понуда.

6. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

Pero Kostadinov
Digitally signed by Pero Kostadinov
Date: 2023.11.16 15:35:18 +01'00'

Изработил: Илија Матеев
Контролирал: Горан Дончев
Одобрил: Ѓоко Аврамски

Gjoko Avramski
Digitally signed by Gjoko Avramski
Date: 2023.11.16 15:35:03 +01'00'